ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 7790/2
Датум: 25.11.2021
Скопје

Врз основа на член 6 од Правилникот за безбедност и обработка на личните податоци ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.122/2020), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# ПЛАН
# ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОВРАВОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

## I. Цел на планот

Со овој план се пропишува начинот на создавање на систем за технички и организациски мерки што Општина Карпош (во натамошниот текст: Општината) во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши општината.

## II. Обработка на лични податоци

Во Општина Карпош се обработуваат следните категории на лични податоци:

1. Заради спроведување на конкретни права и обврски врз основа на работен однос, односно од областа на трудовото право:
- име и презиме на вработените
- адреса на живеење или престојување
- единствен матичен број на вработените
- број на трансакциски сметки на вработените
- изводи од матична книга на родени
- изводи од државјанство и
- дипломи, уверенија за стекнато образование

2. Лични податоци на граѓаните, согласно надлежностите на контролорот:
1) Име
2) Презиме
3) Јазик
4) ЕМБГ
5) Пол

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

6) Датум на раѓање
7) место на раѓање
- Држава
- Општина
-Населено место
8) Лични документи
Документ
-Број на документ
-Вид на документ
-Датум на издавање на документот
-Датум на важност на документот
-Статус на документот
-место на издавање на документот
9)мајка (ЕМБГ)
10) Татко (ЕМБГ)
11) Адреса на живеалиште
-Општина
-Населено место
-Улица
-Број (Број, Влез, Стан)
12) Адреса на привремен престој
- Општина
- Населено место
- Улица
- Број (Број, Влез, Стан)
13) Државјанство
-Држава
- Статус
- Датум на почеток
- Датум на престанок
14) Брачен статус
- Датум на брачен статус
- Сопруг/а (ЕМБГ)
15) Националност
16) Смрт
-Датум на смрт
- Место на смрт
- Држава
- Општина
- Населено место.

3. Видео записи кои произлегуваат од вршењето на видео надзор во министерството.

**III. Нивоа на технички и организациски мерки**

На сите документи во општината задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во три нивоа:
- Основно ниво
- Средно ниво и
- Високо ниво

**IV. Документација за технички и организациски мерки**

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Општина Карпош се состои од следните механизми:

1.донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци

2. донесување на Правилник за определување на обрските и одговорностите на корисниците при користење на документите и информатичко комуникациската опрема

3.донесување на Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти

4.донесување на Правилник за начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци

5.донесување на Правилник за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на уредите за електронски записи

6.донесување на Правилник за начинот на вршење на видео надзор

7. донесување на Упатство за начинот на водење виденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на уредите за електронски записинадвор од просториите на општината

8. донесување на Упатство за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење на обработка на личните податоци;

Вработените и ангажираните лица во општината се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.

Одговорното лице за заштита на личните податоци во министерството врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување на нови

интерни акти или промена на старите од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на личните податоци.

**V. Периодични контроли**

Одговорното лице за заштита на личните податоци во општината најмалку еднаш месечно ги врши следните контроли и за тоа изготвува извештај:

- Контрола на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита наобработката на личните податоци,
- Контрола на евиденција за секој авторизиран/неавторизиран пристап до информацискиот систем,
- Контрола на доверливоста и сигурноста на лозинките и на останатите форми наидентификација,
- Контрола на начинот за пристап на вработените и ангажираните лица во општината до интернет кои се однесуваат на симнување и снимање на документи преземени од електронска пошта и други извори,
- Контрола на уништување на документи кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на уредите за електронски записи,
- Контрола на начинот на управување со уредите за електронски записи кои се носители на лични податоци,
- Контрола на писмените овластувања издадени од страна на Градоначалникот на Општина Карпош за вршење на обработка на личните податоци и за пренесување на уредите за електронски записи надвор од работните простории на општината
- Контрола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во општината
- Контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци.
- Контрола на начинот на пристап до целиот информациски систем преку персоналнитекомпјутери,
- Контрола на начинот на правење на сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,
- Контрола на евиденцијата за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите.

**VI. Преодни и завршни одредби**

Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци се објавува на веб страницата на оштината.

Овој План влегува во сила со денот на неговото потпишување.

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски